МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 10-7862/4
19-12-2024 20 год. / viti

објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

За доставување на апликации (барања) од страна на општините за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита во согласност со најдобриот интерес на корисникот со средства од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади

## Цели на јавниот повик

Министерството за социјална политика, демографија и млади во насока на унапредување и развој на социјалните услуги на локално ниво и подобрување на квалитетот и пристапот на услугите согласно потребите на граѓаните во социјален ризик и социјална исклученост, објавува Јавен повик за доставување на апликации (барања) од страна на општините за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита во согласност со најдобриот интерес на корисникот со средства од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Начин на избор на пријавените проекти

Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе обезбеди финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита според критериуми, методологија и други услови утврдени со интерен акт – решение донесено од министерот за социјална политика, демографија и млади.

## Поблиски критериуми за рангирање на пријавените проекти

Критериуми за рангирање на проекти за градежни работи и/или опремување на простор за изградба, доградба, реконструкција и адаптација за зголемување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита за давање на социјална услуга на корисници на социјална заштита за поднесените апликации (барања) од страна на општините се:

А. Планиран опфат (број на деца/лица) за проширување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги заедницата и услуги за вон-семејна заштита на корисници

на социјална заштита според поднесен проект на општината согласно годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Б. Планиран опфат (број на деца/лица) за проширување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги заедницата и услуги за вон-семејна заштита на корисници на социјална заштита во рурални средини согласно годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

В. Начин на давање на социјална услуга согласно нормативот и стандардот кој е утврден за определена социјална услуга.

Г. Финансиско учество на општина

Согласно горенаведените утврдените критериуми вкупните бодови изнесуваат 100 бода од кои:

- Вкупно 50 бода за опфатеност на деца/лица во определената социјална услуга во општината;
- Вкупно 20 бода за проширување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита на корисници на социјална заштита во рурални средини.
- Вкупно 20 бода за давање на услуга преку формирање на општински центар за социјална услуга.
- Вкупно 10 бода за финансиско учество на општина за реализација на поднесениот проект (% од проценета вредност на проектот/апликација)

**За критериумот А**, "опфатеност на деца/лица во услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита на корисници на социјална заштита" се доделуваат бодови според процентот (%) на опфатеност согласно "предвидениот број на корисници во Актот со кој се уредени нормативите и стандардите за конкретната услуга (пресметано како процент на планиран опфат на деца/лица со поднесениот проект од предвидениот број согласно стандардите, за конкретната услуга) и тоа:

| % на опфат | бодови |
|---|---|
| 95,01%-100,00% | 50 |
| 90,01%-95,00% | 45 |
| 85,01%-90,00% | 40 |
| 80,01%-85,00% | 35 |
| 75,01%-80,00% | 30 |
| 70,01%-75,00% | 25 |
| 65,01%-70,00% | 20 |
| 60,01%-65,00% | 15 |
| 55,01%-60,00% | 10 |
| 50,01%-55,00% | 5 |

**За критериумот Б**, "проширување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита на корисници на социјална

заштита во рурално подрачје според степенот на развиеност на планскиот регион по развоен индекс“, се доделуваат бодови за рурално подрачје според развојниот индекс на планскиот регион, од најмалку 10 бода за рурално подрачје од планскиот регион со највисок развоен индекс, до најмногу 20 бода за рурално подрачје од планскиот регион со најнизок развоен индекс, со распон по бодови според развојниот индекс на планскиот регион, како во табелата:

| Плански регион | бодови |
|---|---|
| Североисточен | 20,00 |
| Источен | 15,47 |
| Вардарски | 15,34 |
| Југозападен | 15,14 |
| Полошки | 15,14 |
| Пелагониски | 15,07 |
| Југоисточен | 13,99 |
| Скопски | 10,00 |

**За критериумот В,** 20 бода се доделуваат на апликантите за проекти за кои “начинот на давање на услугата е преку формирање на општински центар за социјална услуга“.

**За критериумот Г**, “финансиско учество на општината/апликантот за реализација на доставениот проект“ се доделуваат максимум 10 бодови согласно следнава табела:

| Процент на финансиско учество на апликант | |
|---|---|
| % | бодови |
| повеќе од 50,00% | 10 |
| 45,01% - 50,00% | 9,5 |
| 40,01% - 45,00% | 9 |
| 35,01% - 40,00% | 8 |
| 30,01% - 35,00% | 7 |
| 25,01% - 30,00% | 6 |
| 20,01% - 25,00% | 5 |
| 15,01% - 20,00% | 4 |
| 10,01% - 15,00% | 3 |
| 5,01% - 10,00% | 2 |
| 2,51% - 5,00% | 1 |
| 2,10% 2,50% | 0,5 |
| 1,51%- 2,00% | 0,4 |
| до 1,01% - 1,50% | 0,3 |
| 0,51% 1,00% | 0,2 |
| до 0,50% | 0,1 |
| помалку од 0,50% | 0 |

## Потребна документација

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета апликација (Барање) со комплетна документација за проект за изградба, доградба, реконструкција и адаптација за зголемување на капацитетите за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата

и услуги на вон-семејна заштита на корисници на социјална заштита согласно апликацијата (документација наведена во Апликација по Јавниот повик и тоа: образец за апликација, имотен лист, основен проект и спецификација за опрема).
Апликацијата (Барањето) е составен дел на Јавниот повик и е објавена на официјалната веб страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади www.mtsp.gov.mk.

## Извор на средства

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2025 за капитални расходи, Раздел 150.01 потпрограма 4А притоа земајќи ги во предвид и можностите за финансирање од други извори.

## Рок и начин за спроведување на постапката

Јавниот повик е од отворен тип за поднесување на апликации заклучно со 26.12.2024 година и истиот е објавен на официјалната веб страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади www.mtsp.gov.mk.

Апликацијата (Барањето) со прилог документација треба да се достават до архивата или преку пошта до Министерство за социјална политика, демографија и млади на адреса ул.„Даме Груев" бр.14, 1000 Скопје со назнака за „Јавен повик за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во задницата и услуги за вон-семејна заштита за корисници на социјална заштита."

Општините што ќе достават комплетна документација во прилог на Апликацијата ќе бидат предмет за разгледување и оценување за финансирање по обезбедување на средства од страна на Министерството.

Предност ќе имаат општините кои за прв пат аплицираат за услуга кој не е развиена во таа општина.

Доставените проекти треба да бидат во согласност со позитивните законски норми и согласно актуелните Правилници од Законот за социјална заштита.

*Напомена:*

***Пријавите кои ќе пристигнат по предвидениот рок за доставување нема да се разгледуваат.***

***Нема да се рангираат проекти во кои ќе се констатираат отстапки од актуелните правилници.***

Министерство за социјална политика, демографија и млади

АПЛИКАЦИЈА (БАРАЊЕ)
**по**
ЈАВЕН ПОВИК

За доставување на апликации (барања) од страна на општините за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели и тоа за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита во согласност со најдобриот интерес на корисникот со средства од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади

| **Кратко образложение за барањето:** |
|---|
| |

**<u>Дел I – Информации за Општината - Барател</u>**

I.1. ОПШТИНА: ______________________________
I.2. Контакт информации
- Адреса: ______________________________
- Телефон: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________
- Лице за контакт: ______________________________

**<u>Дел 2 – Информации за проектот</u>**

<u>2.1. Вид на социјална услуга (заокружи една од категориите)</u>:
- услуга на советување;
- услуга во домот;
- услуга во заедницата и
- услуга за вон-семејна заштита.

2.2. Целна група која ќе биде опфатена со услугата ( додади целна група согласно услугата)

| |
|---|
| - |

2.3. Начин на давање на услугата (заокружи еден од начините дадени подолу)

- **преку основање на установа за вон семејна заштита** (член 117 од законот за социјална заштита)
- **преку основање на општински центар за социјални услуги** (член 119 од законот за социјална заштита)
- **преку склучување договор со лиценциран давател на услугата** (член 127 од законот за социјална заштита)

2.4. Локација на објектот:
А) Урбана средина Б) Рурална средина

2.3. Вид на градба:
А) Нов објект Б) Доградба/проширување
В) Адаптација/реконструкција на друг соодветен простор заради пренамена
Г) Друго

2.4. Капацитет на објектот (планиран опфат на деца/лица): ______________

**Дел 3 – Финансиски податоци за проектот**

| | Вкупна проценета вредност без ДДВ | ДДВ | Проценета вредност со ДДВ | Финансиско учество на општината (износ со ДДВ) | Финансиско учество на општината во фиксен износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.ГРАДЕЖНИ РАБОТИ | | | | | |
| 3.2.ОПРЕМУВАЊЕ | | | | | |
| ВКУПНО (3.1.+ 3.2) | | | | | |

3.(*)Износ од предмер се заокружува на следната илјадарка.

**Дел 4 – Приложена документација (задолжително)**

4.1. Имотен лист за локација на објектот (објектот потребно е да е во сопственост на општината или да е доделен на користење)

4.2 Извод од Детален урбанистички план или план вон населено место

4.3 Елаборат за нумерички податоци

4.4 За градежни работи:

4.4.а Доколку се работи за изградба на нов објект или доградба: основен проект со сите фази, позитивно мислење од ИЗИИС и предмер пресметки со проектантски цени за секоја фаза, изработен од овластени проектанти/проектантски бироа кои ги поседуваат сите потребни лиценци и овластувања и се регистрирани во Централниот регистар за вршење на соодветната дејност. Доставените основни проекти мора да бидат ревидирани од овластени инженери/фирми за ревизија кои ги поседуваат сите потребни лиценци и се регистрирани во Централниот регистар за вршење на соодветната дејност и ревизијата на проектите да биде доставена како составен дел на проектната документација. Доставените основни проекти треба да бидат во согласност со позитивните законски норми и согласно актуелните Правилници од Законот за социјална заштита. Нема да се рангираат проекти во кои ќе се констатираат отстапки од актуелните правилници.

4.4.б Доколку се работи за реновирање/адаптација на објект: проект за реновирање/ реконструкција / адаптација со сите потребни фази во кои се предвидуваат измени. Проектот мора да содржи цртежи, предмер пресметка со проектантски цени за секоја фаза и технички опис, изработен од овластени проектанти/проектантски бироа кои ги поседуваат сите потребни лиценци и овластувања и се регистрирани во Централниот регистар за вршење на соодветната дејност. Доставените проекти треба да бидат во согласност со позитивните законски норми и согласно актуелните Правилници од Законот за социјална заштита. Нема да се рангираат проекти во кои ќе се констатираат отстапки од актуелните правилници.

4.5.За опремување - предмер пресметка за количината и цената на опремување според реалните цени на пазарот што ќе ги содржи сите позиции на наведена опрема наведена во делот опремување на објекти простор.

4.6. Договор за испорака на услугата помеѓу општината и давателот на услугата доколку истата се испорачува преку давател (доколку давателот нема дозвола за испорака на услугата, должен е истата да ја обезбеди пред започнување на испораката на услугата)

Подносител на барање

М.П

____________________